Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/10
07.12 20 22 г.
СКОПЈЕ

АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН

# Б И Л Т Е Н

БР. 2-2022/2023

Скопје, 07.12.2022

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор/реизбор во наставно–научно звање од научните области меѓународна економија и меѓународен менаџмент на факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на европа–ФОН.........................................................................................25

Реферат за избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа на Криминалистичка теорија – 51600 на Факултетот за детективи и безбедност на Прв приватен универзитет ФОН ……………..........................................................................……34

Правилник за измени и дополнувања на правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет – ФОН..........................................................................................37

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР/РЕИЗБОР ВО НАСТАВНО–НАУЧНО ЗВАЊЕ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА И МЕЃУНАРОДЕН МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ НАУКИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА–ФОН**

Со Одлука бр. 20-1979/3 од 14.11.2022 година донесена на седница на Наставно–научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа–ФОН, одржана на ден 14.11.2022 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор / реизбор на наставник во сите наставно–научни звања од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа–ФОН.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 06.10.2022 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Аземина Машовиќ, доктор на економски науки.

Членовите на Рецензиона комисија, согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно–научни, наставно–стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа–ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор / реизбор на наставник, во сите наставно–научни звања, од научните области Меѓународна економија (50309) и Меѓународен менаџмент (50609), а врз основа на приложената документација, на Наставно–научниот совет му го поднесуваме следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Аземина Машовиќ е родена на 06.08.1982 година во Скопје, каде го завршува основното и средното образование. Во академската 2001/2002 година се запишува на Економскиот Факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде дипломира во октомври 2005 година со просечен успех 9,30 и се стекнува со звање дипломиран економист.

Во академската 2005/2006 година се запишува на последипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, насока МБА менаџмент и студиите ги завршува во 2011 година, со просечен успех 8,90. На 04.04.2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Специфичности на контролата во спроведувањето на стратегијата на мултинационалните компании", со што се стекнува со звање магистер на економски науки од областа на МБА менаџментот. 2

Во декември 2011 година пријавува изработка на докторска теза на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, под наслов „Факторите на окружувањето и нивното влијание на перформансите на мултинационалните компании, како основа за унапредување на деловната клима во Р. Македонија“. На 21.04.2017 година, успешно го одбранува докторскиот труд под горенаведениот наслов, под менторство на проф. д-р Љубомир Дракулевски, и се стекнува со научен степен доктор на економски науки од областа на меѓународниот менаџмент.

Од февруари 2006 година, кандидатот д-р Машовиќ е работно ангажирана во високообразовната дејност. Академскиот ангажман го започнува на Европскиот универзитет–Република Македонија, каде од 2006 година до 2013 година работи на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет–Република Македонија, најпрво како помлад асистент од областа на маркетингот, а подоцна од 2011 година како асистент во областа на менаџментот.

Од октомври 2017 година работи на ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје како професор од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент. Во март 2018 година е избрана во звање научен соработник / доцент од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

Од декември 2021 година, д-р Машовиќ е ангажирана како странски експерт во Агенција за контрола и обезбедување на квалитет на високото образование на Црна Гора.

Од октомври 2022 година, кандидатот својот академски ангажман го продолжува на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа–ФОН.

## I. НАСТАВНО–ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во јули 2006 година, д-р Аземина Машовиќ е избрана во соработничко звање помлад асистент по група предмети од областа на маркетингот на Факултетот за економски науки во состав на Европскиот универзитет–Република Македонија, а во септември 2011 година е избрана во соработничко звање асистент на група предмети од областа на менаџментот. Во текот на овој временски период, кандидатот д-р Машовиќ активно учествува во реализација на вежби на повеќе предмети од областите маркетинг и менаџмент. Исто така, во овој период се јавува и како коавтор на универзитетски учебник по предметот Меѓународен менаџмент (Андрески, Б., Ристовска, Н. и Машовиќ, А. *Меѓународен менаџмент.* Скопје: Прв приватен универзитет Европски универзитет–Република Македонија, 2009).

Во август 2017 година, д-р Машовиќ е избана во наставно звање професор од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент на ПВУ-ВСШ ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје. До октомври 2022 година, во рамките на работниот ангажман на ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, изведува настава на прв циклус студии по предметите: Основи на менаџмент, Стратегиски менаџмент, Претприемништво, Меѓународна економија и Економија на регионални интеграции.

Во март 2018 година е избрана во звање научен соработник/доцент од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје. До октомври 2022 година, во рамките на работниот ангажман на ИНСТИТУТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, изведува настава на втор циклус студии по предметите: Стратегиски менаџмент и конкурентност, Бизнис планирање и контрола и Оперативен менаџмент.

Од октомври 2022 година, во рамките на работниот ангажман на Факултетот за економски науки при Американски универзитет на Европа–ФОН, кандидатот доц. д-р Машовиќ изведува настава во зимскиот семестар по предметите: Меѓународен бизнис, Деловно планирање, Применета економија и Макроекономија.

Во рамките на работниот ангажман во горенаведените институции, кандидатот д-р Машовиќ интегрира современи наставно–образовни методи за успешно организирање и спроведување на наставата преку практични симулации и алатки за активно вклучување на студентите во наставниот процес и полесно совладување на наставната материја. Покрај наставата, кандидатот е активно вклучена во процесот на менторирање на семинарски/проектни трудови, дипломски трудови и магистерски трудови, како и во одржување на секојдневни консултации по соодветните предметите од прв и втор циклус на студии. Исто така, д-р Машовиќ е ангажирана во подготовка на испитните прашања, како и спроведување и оценување на колоквиумите/испитите по доделените предмети.

Кандидатот д-р Машовиќ, во текот на изборниот период, од спроведената самоевалуација на ФАКУЛТЕТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје и ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје од 2020 година, согласно официјалните извештаи од процесот на самоевалуација, е позитивно оценета во сите сегменти на евалуацијата. Позитивните оценки од спроведената самоевалуација на двете институции ја потврдува спремноста, посветеноста и одговорноста на д-р Машовиќ за извршување на наставно–образована дејност.

Дополнително, кандидатот д-р Машовиќ се јавува како член на повеќе комисии за оцена и одбрана на дипломски и магистерски трудови во текот на изборниот период.

***Предавања и престои на странски универзитети во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор:***

- University of Podgorica, Faculty of Economics, Podgorica, Montenegro (CEEPUS teaching staff mobility), May 2022;
- University Business Academy, Faculty of Applied Management, Economics and Finance, Belgrade, Serbia (Erasmus+ teaching staff mobility), June 2021;
- Educons University, Faculty of Business Economics, Novi Sad, Serbia, (Erasmus+ teaching staff mobility), May 2021;
- School of Economics, Celje, Slovenia (Erasmus+ teaching staff mobility), May 2019;
- University of Podgorica, Faculty of Economics, Podgorica, Montenegro (CEEPUS teaching staff mobility), April 2019;

## II. НАУЧНО–ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на научно–истражувачката дејност, во текот на изборниот период, кандидатот д-р Аземина Машовиќ има објавено повеќе научни/стручни трудови и студии, универзитетски учебник, учество на разни национални и меѓународни академски собири и била ангажирана во меѓународни научно–истражувачки проекти.
Кандидатот има објавено вкупно девет научни трудови во референтна научна публикација согласно Законот за високото образование (ЗВО), од изборот во звање доцент до нејзиното пријавување на конкурсот за избор објавен на ден 06.10.2022 година. Од објавените трудови, еден труд е во научно списание индексирано во EBSCO и објавено во земја–членка на ЕУ, три труда во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и пет труда објавени во зборници на трудови на меѓународни научни конференции.

***Листа на објавени научни трудови во референтна научна публикација согласно ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор:***

1. Mashovic, Azemina, Ignjatovic, Jelena and Kisin, Jovana. „Circular Economy as an Imperative of Sustainable Development in North Macedonia and Serbia." *Ecologica,* 29 (106), 2022: 169-177.
2. Milic evic , Mirko, Mas ovic , Azemina and Vilic , Simonida. „Six Sigma–Primjer moderne metodologije za postizanje poslovne izvrsnosti u menadz mentu upravljanja kvalitetom“**.** XI Međunarodna konferencija o drus tvenom i tehnolos kom razvoju–Univerzitet PIM Banja Luka, Zbornik radova, 2022: 226-233;
3. Kisin, Jovana, Ignjatovic, Jelena and Masovic, Azemina. „Dynamics, Scope and Structure of External Trade of the Republic Serbia“. *Business Economics*, XXV (1), 2022: 32-48;
4. Kisin, Jovana, Masovic, Azemina and Ignjatovic, Jelena. „Growing Public Debt as a Result of the COVID-19 Pandemic in the Western Balkans Region: the Case of North Macedonia and Serbia“. *Business Economics*, XXIV (2), 2021: 66-85;
5. Kisin, Jovana, Ignjatovic, Jelena and Masovic, Azemina. „Economic Aspects of Smart City Development“. 9th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development and People (CCEDEP), University of Shkoder "Luigj Gurakuqi", Tirana, Albania, November 2021 (in press);
6. Mashovic, Azemina and Radic evic , Tatjana Dragic evic . „Effects of the Covid-19 Pandemic on Labour Markets in the Western Balkans". *SEER Journal for Labour and Social Affairs in Eastern Europe,* 2021 (2): 159-165 (EBSCO);
7. Dragic evic , Tatjana, Nestorovic , Milica and Mashovic, Azemina. „Potencijal zemalja Zapadnog Balkana u direktnom stranom investiranju“. *Međunarodna naučno-stručna konferencija „Inovacije kao pokretač razvoja“ – MEF fakultet Beograd, Zbornik radova sa međunarodnog skupa,* 2021: 282-287;
8. Ignjatovic, Jelena, Kisin, Jovana and Mashovic, Azemina. „Economic Aspects of the COVID-19 Pandemic in the Western Balkans Region“. *International Scientific Conference „Sustainable Economic Transformation in the Postpandemic Period“–Educons University, Serbia,* Proceedings, 2021: 63-87;
9. Mashovic, Azemina. „The Effect of Work-related Stress on Employee Statisfaction: A Case Study“, *X International Conference on Social and Technological Development–PIM University Banja Luka*, Proceedings, 2021: 199-206;

***Листа на објавени стручни трудови и студии во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор:***

1. Mashovic et al. *Fisibility Study of Implementation E-learning System–*Central European Initiative. Skopje: Integrated Business Institute, 2021;
2. Mashovic, Azemina and Kiraca, Aleksandra. „The Impact of Political Environment on Foreign Direct Investment Decisions of Multinational Companies", *IX International Conference on Social and Technological Development–PIM University Banja Luka,* Proceedings, 2020: 196-202;
3. Kiraca, Aleksandra and Mashovic, Azemina. „Force Majeure and Change of Circumstances in International Trade–Conditions for Exemption from Liability in Case of Breach of Contact". *IX International Conference on Social and Technological Development – PIM University Banja Luka*, Proceedings, 2020: 184-195;

***За време на изборниот период, кандидатот д-р Машовиќ се јавува и како коавтор на универзитетски учебник:***

- Ристовска, Н. и Машовик , А. *Економика на претпријатија: Современи менаџмент и бизнис аспекти*. Скопје: УТМС, 2022;

Во рамките на учебникот се опфатени и неколку глави во кои се обработува материја од областа на меѓународниот менаџмент.

***Листа на меѓународни и национални академски собири (конференции и семинари) на кои кандидатот д-р Машовиќ земала учество во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор:***

- "XI International Conference on Social and Technological Development", PIM University, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 2-5 June 2022;
- XVIII International Conference on Finance and Banking FI BA 2022, Faculty of Finance and Banking–Bucharest University of Economic Studies, Bucharest, Romania, 26-27 May 2022;
- 2022 ICoSTEE International Conference, Faculty of Engineering–University of Szeged, Szeged, Hungary, 24 March 2022;
- International Scientific & Professional Conference "Innovation as an Initiator of the Development", Faculty of Applied Management, Economics and Finance Belgrade, 2 December 2021, Belgrade, Serbia;
- 9th International Scientific Conference on Climate Change, Economic Development Environment and People (CCEDEP), University of Shkoder "Luigj Gurakuqi", Tirana, Albania, 18 November 2021;
- International Scientific Conference "Sustainable Economic Transformation in the Postpandemic Period", Educons University, Novi Sad, Serbia, 15 October 2021;
- "X International Conference on Social and Technological Development", PIM University, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 3-6 June 2021;
- Национална завршна конференција на проектот „Воведување на современи методи на учење во Македонија со употреба на италијански искуства", Факултет за бизнис економија Скопје, онлајн конференција, 12 октомври 2020;
- "IX International Conference on Social and Technological Development", PIM University, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, 8-11 October 2020;
- First Virtual International Conference "Economic Challenges of Southern European

Countries after Corona Virus Pandemic", Faculty of Management Herceg Novi, online conference, 27 April 2020;
- Erasmus+ Contact Seminar with the Western Balkans, European Commission, Tirana, Albania, 24-25 October 2019;
- First International Conference on Sustainable Development in Business and Economics, Integrated Business Faculty, Skopje, North Macedonia, 8-12 April 2019;

***Листа на меѓународни научно–истражувачки проекти во текот на изборниот период:***
- Експерт во мег ународен научно–истражувачки проект "Introducing Modern Learning Methods in Macedonia using Italian Experiences–INLEARN", Central European Initiative (CEI), Knowledge Exchange Program (KEP) Italy, 15 January 2020–15 October 2020;
- Истражувач во работни групи на меѓународни научно–истражувачки проекти во рамките на следните COST проектни акции:
o **CA20115**–European Network on International Student Mobility, WG4 и WG5, октомври 2021–тековно;
o **CA20123**–Intergovernmental Coordination from Local to European Governance (IGCOORD), WG4, септември 2021–тековно;
o **CA20138**–Network on Water-Energy-Food Nexus for a Low-carbon Economy in Europe and Beyond (NEXUSNET), WG5, септември 2021–тековно;
o **CA19139**–Process-based Model for Climate Impact Attribution Across Sectors (PROCLIAS), WG3 и WG4, октомври 2020–тековно;
o **CA19126**–Positive Energy Districts European Network (PED-EU-NET), WG2 и WG4, септември 2020–тековно;

## III. СТРУЧНО–АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО–РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Кандидатот д-р Аземина Машовиќ во текот на изборниот период, во рамките на работниот ангажман на високообразовните институции ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје и ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, покрај наставно–образовната и научно–истражувачката дејност, била посебно вклучена во организациско–развојната дејност на институциите преку воспоставување на бројни меѓународни соработки со европски високообразовни институции, организирање и вклучување на институциите како коорганизатори на повеќе меѓународни конференции организирани од страна на странски високообразовни институции, воспоставување соработка со приватниот сектор, организирање и спроведување на процесот на приклучување во ЦЕЕПУС програмата, изработка на елаборати и студиски програми, организирање и учество во промотивни активности на институциите, како и членство во разни тела и комисии.

Од февруари 2019 година до јануари 2022 година, кандидатот е член на Управата на ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

Од октомври 2017 до октомври 2022 година, д-р Машовиќ е ЦЕЕПУС координатор на ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје.

Кандидатот го организирал и спровел целокупното пристапување на институцијата во Центраолноевропската програма за размена на универзитетски студии - ***Central European Exchange Program for University Studies*** **(CEEPUS)**, успевајќи да обезбеди членство на институција во две ЦЕЕПУС мрежи: ***Managerial Processes in International Environment*** и ***Applied Economics and Management.*** Во текот на ангажманот, воспоставувал меѓународни соработки и организирал и координирал академска размена на наставниот кадар и студентите на високообразовните институции од Централна и Источна Европа.

Кандидатот д-р Машовиќ била Раководител на Центарот за кариера на ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, од јануари 2019 до јануари 2022 година и на ИНСТИТУТОТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, од јануари 2019 до октомври 2022 година. Во текот на ангажманот има склучено околу 20 меморандуми за соработка со приватниот сектор и активно била вклучена во лобирање и асистенција при вработување на студентите од двете институции.

***Кандидатот д-р Машовиќ се јавува како член на следните тела и комисии на горенаведените високообразовни институции, во временски период од 2017-2022 година:***

- Член на Конкурсна комисија за упис на студенти во учебната 2022/2023 година, Факултет за бизнис економија Скопје, 2022;
- Член на Комисија за заштита од дискриминација и нееднаквост, Институт за бизнис економија Скопје, 2021;
- Член на Конкурсна комисија за упис на студенти на втор циклус академски-последипломски студии во учебната 2021/2022 година, Институт за бизнис економија Скопје, 2021;
- Член на Комисија за издавачка дејност, Факултет за бизнис економија Скопје, 2021;
- Член на Изборна комисија за спроведување на изборите на членовите на студентското собрание, Факултетот за бизнис економија Скопје, за 2021;
- Член на Изборна комисија за спроведување на изборите на членовите на Студентското собрание, Факултетот за бизнис економија Скопје, 2020;
- Член на Комисија за евалуација на кандидатите пријавени за учество во Erasmus+ програмата, Факултет за бизнис економија Скопје, 2020;
- Член на Дисциплинска комисија, Факултет за бизнис економија Скопје, 2020;
- Член на Изборна комисија за спроведување на изборите на членовите на Студентското собрание, Факултетот за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Дисциплинска комисија, Факултет за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Комисија за заштита од дискриминација и нееднаквост, Институт за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2019 година, Институт за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Комисија за спроведување на постапка за самоевалуација, Факултет за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Комисија за спроведување на постапката за избор на заменик Директор, Факултет за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Конкурсна комисија за упис на студенти во учебната 2019/2020 година,

Факултет за бизнис економија Скопје, 2019;
- Член на Комисија за трансфер на испити, Факултет за бизнис економија Скопје, 2018;
- Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста, Факултет за бизнис економија Скопје, 2018;
- Овластено лице за прием на пријави заради задолжително внатрешно пријавување, Институт за бизнис економија Скопје, 2018-2022;

***Во текот на изборниот период, кандидатот се јавува како член на повеќе научни одбори на меѓународни научни конференции и член на издавачки одобри на научни списанија, како и рецензент на трудовите кои се објавуваат, односно:***
- Член на издавачки одбор и рецензент на трудови на научното списание „Economics, Entrepreneurship and Management Research“, Универзитет Унион Никола Тесла, Белград, Србија, јануари 2022 –тековно;
- Член на научен одбор и рецензент на трудови на “XI International Conference on Social and Technological Development”, ПИМ универзитет, Бања Лука, Босна и Херцеговина, 2-5 јуни 2022;
- Член на научен одбор на „COAST - International Conference on Advances in Science and Technology“, Факултет за менаџмент Херцег Нови, Црна Гора, 26-29 мај 2022;
- Член на научен одбор на International Scientific Conference “Sustainable Economic Transformation in the Postpandemic Period”, Едуконс универзитет, Нови Сад, Србија, 15 октомври 2021;
- Член на научен одбор и рецензент на трудови на “X International Conference on Social and Technological Development”, ПИМ универзитет, Бања Лука, Босна и Херцеговина, 3-6 јуни 2021;
- Член на научен одбор и рецензент на трудови на “IX International Conference on Social and Technological Development”, ПИМ универзитет, Бања Лука, Босна и Херцеговина, 8-11 октомври 2020;
- Член на научен одбор и рецензент на трудови на “VIII International Conference on Social and Technological Development”, ПИМ универзитет, Бања Лука, Босна и Херцеговина, 8-9 ноември 2019;
- Член на научен одбор и рецензент на трудови на “First International Conference on Sustainable Development in Business and Economics”, Факултет за бизнис економија Скопје, 12 април 2019;
- Рецензент на трудови на научното списание „*Journal of Sustainable Development*“, Факултет за бизнис економија Скопје, од 2018–2022 година;

Во однос на стручно–апликативната дејност, од декември 2021 година, кандидатот д-р Аземина Машовиќ е ангажирана како **Странски експерт** во постапки за акредитација на студиски програми и програми за доживотно учење и реакредитација на високообразовни институции при Агенцијата за контрола и обезбедување на квалитет на високото образование од Подгорица, Црна Гора.

Имајќи го предвид погоре наведеното на Наставно–научниот совет му го даваме следниот:

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и сите горенаведени податоци, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно–образовната, научно–истражувачката и стручно–апликативната дејност на кандидатот д-р Аземина Машовиќ.

Рецензионата комисија е целосно убедена дека пријавениот кандидат на конкурсот, д-р Аземина Машовиќ, во целост ги исполнува условите за избор во наставно–научното звање вонреден професор согласно Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно– научни, наставно–стручни, научни, наставни и соработнички звања на Американскиот универзитет на Европа–ФОН.

Според горенаведеното, Рецензионата комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно–научниот совет на Факултетот за економски науки при Американскиот универзитет на Европа–ФОН, кандидатот д-р Аземина Машовиќ да биде избрана во наставно–научно звање **вонреден професор** од научните области Меѓународна економија и Меѓународен менаџмент.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:
Проф. д-р Љубомир Дракулевски, претседател
Проф. д-р Силвана Јовческа, член
Проф. д-р Никша Гргуревиќ, член

**РЕФЕРАТ**

**За избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа на Криминалистичка теорија – 51600 на Факултетот за детективи и безбедност на Прв приватен универзитет – ФОН.**

Согласно одлуката од 02.11.2022 година на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН од Скопје, формирана е рецензиона комисија за избор на соработник, во соработничко звање асистент, од областа Општа криминалистичка теорија – 51600, во следниов состав:

1. Проф. Д-р Насер Етеми – претседател
2. Проф. Д-р Митасин Беќири– член
3. Доц. Д-р Самир Салиевски – член

По разгледување на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високо образование и Статутарни одредби на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН - Скопје, рецензионата комисија го поднесува следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

На конкурсот објавен во дневниот печат "Нова Македонија" на 06.10.2022 година за избор/реизбор во соработничко звање криминалистичка теорија – 51600 и вработување на Американски универзитет на Европа – ФОН, распишан согласно член 172 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) кој гласи "", во предвидениот рок се пријави кандидатот:

1. **М-р Емилија Манасиева**

**Биографски податоци**

Кандидатката м-р Емилија Манасиева е родена на 05.04.1995 година во Кичево. Основното образование го завршува во ОУ "Д-р Владимир Полежиноски" во Кичево. Средното образование го завршува во 2013 година во ОСУ "Мирко Милески" во Кичево. Дипломира на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје,

со просек 9.71 на тема “Злоупотреба на овластувањата на полицијата при употреба на физичка сила во Република Македонија” во 2016 година, а магистрира на Факултетот за детективи и безбедност при Прв приватен универзитет – ФОН, во Скопје, со просек 9.5 со теза на тема “Антитерористички активности на службите за безбедност во Република Македонија ” во 2019 година, стекнувајќи се стручен назив Магистер по Безбедносни науки.

**Заклучок и предлог**

Рецезентската комисија разгледувајќи ја документацијата пристапи кон вреднување на кандидатот преку критериумите за избор предвдени во Законот за високо образование чл.170 (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања (член 14) на ФОН Универзитетот.

Врз основа на биографските податоци, оценка на научните, и други остварувања на кандидатот кои се од важност за утврдување на условите за избор во соработничко звање, познавањето на англискиот јазик, како и искуството како асистент по предметите кои ја изучуваат криминалистиката, Рецезентската комисија констатира дека кандидатот **м-р Емилија Манасиева**, ги исполнува условите за избор во соработничко звање асистент од областа на Криминалистичка теорија според конкурсот распишан од Американскиот Универзитет на Европа - ФОН.

Врз основа на комисискиот увид и анализа во приложената документација за кандидатот кој се пријави на конкурсот, а во врска со неговите покажани резултати Комисијата одлучи дека кандидатот **м-р Емилија Манасиева** ги исполнува условите поради неколку причини: има висока просечна оценка на додипломските студии (9,71) како и на последипломските студии (9,5), и три годишното искуство како асистент по предметите Вовед во криминалистика, Криминологија, Криминалистичка тактика 1, Криминалистичка техника, Криминалистичка методика, Применета криминалистика, Топографија и тактика во природни услови (летни), Топографија и тактика во природни услови (зимски) на Факултетот за детективи и безбедност при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН каде ги докажала своите знаења од областа на криминалистичката теорија.

Врз основа на претходно изнесеното, а со оглед дека се исполнети условите предвидени со Законот за високо образование чл.170 (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно - научни, наставно - стручни и соработнички звања на ФОН Универзитетот (чл.14), како членови на Рецезентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за детективи и безбедност при Американскиот Универзитет на Европа - ФОН – Скопје, кандидатот **м-р Емилија Манасиева** да биде избран во соработничко звање - асистент од областа на криминалистичка теорија – 51600**.**

Скопје, ноември 2022 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Насер Етеми – претседател

____________________________

Проф. Д-р Митасин Беќири – член

____________________________

Доц. Д-р Самир Салиевски – член

___________________________

Согласно член 94, точка 22 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) и член 62, точка 23 од Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Сенатот, на седницата одржана на 28.11.2022, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ НАПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН

### Член 1

Во член 31, по ставот 2 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии на Прվиот приватен универзитет - ФОН се додаваат три нови става 3, 4 и 5 и истите гласат:

„По исклучок, студент кој преминува од друга високо-образовна установа на студиска програма од иста научна област на АУЕ - ФОН, по претходно мислење на Универзитетскиот координатор за ЕКТС, може да се запишува во онаа година на студии која одговара на стекнатите ЕКТС кредити на студиската програма од која преминува.

Во случај од претходниот став на овој член, Комисијата за признавање испити, со решение, определува кои испити студентот треба да ги дополага, согласно студиската програма на АУЕ - ФОН.

Одредбата од став 3 на овој член се однесува и на студенти на АУЕ - ФОН кои преминуваат на нова студиска програма од истата научна област.“

Ставот 3, станува став 6.

### Член 2

Во член 41, ставот 4 се менува и гласи:

„Во постапката за признавање на положените испити при премин од студиска програма од друг факултет во рамки на Универзитетот или од друга високообразовна установа, Комисијата за признавање на испити задолжително го утврдува совпаѓањето на студиските програми и положените испити на студиската програма од која преминува, со студиската програма на која преминува, земајќи го во предвид степенот на совпаѓањето и исходот на учењето, согласно член 14 став 2 од Правилникот за Европски кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитет и од една во друга високообразовна установа.“

Во член 41, ставот 5 се менува и гласи:

„Комисијата за признавање испити, може, за признавање на определен предмет, да се консултира со актуелниот предметен наставник на АУЕ - ФОН.“

Во член 41, ставот 6 се менува и гласи:

„Комисијата за признавање испити составува записник, го потпишуваат сите членови на Комисијата и го доставува до Правната служба, најдоцна во рок од 15 дена од приемот на барањето за признавање испити.“

Во член 41, по ставот 11 се додаваат два нови става 12 и 13 истите гласат:

„Студентот кој не е задоволен од решението за признавање испити може, во рок од три дена од приемот на решението да вложи приговор до Наставно-научниот совет на соодветниот факултет.

Наставно-научниот совет е должен во рок од три дена да одлучи по приговорот.“

**Член 3**

Сите започнати постапки за признавање испити ќе се довршат според одредбите од овој правилник.

**Член 4**

Се задолжува генералниот секретар да изготви пречистен текст на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на на прв и втор циклус на студии на Првиот приватен универзитет - ФОН.

**Член 5**

Овој Предлог-правилник стапува на сила со денот на донесувањето.

**Скопје, 28.11.2022**

**П р е т с е д а т е л**
**на Сенатот**

**проф. д-р Насер Етеми**